Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

100 години

Број 521 www.mchamber.mk 10.03.2023

## КОНСТИТУИРАН НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ИЗВОЗ СО КОЈ ЌЕ РАКОВОДИ СТОПАНСКАТА КОМОРА



## ВАЖНИ АСПЕКТИ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ПРАКТИЧНАТА ОБУКА






## ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА СЕ ВКЛУЧИЈА ВО ПРОЕКТОТ УЧЕЊЕ ПРЕКУ РАБОТА

# ПОКРОВИТЕЛИ
## НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### ПРЕМИУМ Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ, EVN, vitaminka, T, GRANIT, IGM trade, MERMEREN Kombinat, МЕПСО, ECM, Gulf, ПЕКАБЕСКО, euro Nickel, nextsense, VERO, КОЖУВЧАНКА

### СТАНДАРД Покровители

MAKPROGRES, HALKBANK, OKTA, ZAN MITREV CLINIC, SPARKASSE, Duna, seavus, cargo-partner, scalefocus

### СИЛВЕР Покровители

SOCOTAB, AllianceOne, Swisslion




Посетете : www.mchamber.mk

Стопанската комора на Северна Македонија
ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ
со новиот стандард ISO 9001:2015

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia



# Георгиева-Јовевска за Блумберг Адрија ТВ: Стопанството ќе биде задоволно ако се реализираат 80 проценти од најавените капитални инвестиции за годинава



Стопанството ќе биде задоволно ако се реализираат 80 проценти од најавените капитални инвестиции за 2023 година, изјави за емисијата „Зум ин" на Блумберг Адрија ТВ, д-р Јелисавета Георгиева-Јовевска советник за инфраструктура и економски развој во Кабинетот на претседателот на Стопанската комора на Северна Македонија. Според Георгиева-Јовевска важно е реализацијата да биде преку продуктивни проекти.

„Кога се гледаат бројките (465 милиони евра остварени капитални инвестиции за 2022 година) можеби навидум стопанството и јавноста ќе речат во ред, има остварувања, меѓутоа за нас е многу битно да има целосна реализација, односно завршница на проектите. Ние напоменавме неколку проекти кои што сè уште се на хартија во рамките на Коридорите 10 и 8 за кои што и европските институции и нашата државна ревизија има забелешки, дали од административна или од техничка природа или слично. Меѓутоа, цениме дека треба државата да изгради една заедничка стратегија за инфраструктурата каде што сите политички чинители и други фактори кои што се битни во овој круг ќе бидат инволвирани во процесот се со цел сите да бидат вклучени во целосната реализација на поставеното", изјави Георгиева-Јовевска.

# Тркалезна маса за измени и дополнувања на Законот за домување



Групацијата за домување и управување со станбен и деловен простор при Комората, беше дел од тркалезната маса иницирана од Регулаторната комисија за домување на која активно учество имаа и министерството за транспорт и врски како носител на законското решение, група пратеници од Собранието на РСМ како претставници на законодавниот дом, невладини организации кои ја третираат дејноста домување, и инспектори надлежни на локално ниво за дејноста. Тема на дискусијата беше проблемите во дејноста со барање начини како истите да се надминат и какви законски измени се потребни за поголема функционалност.

На измени на матичниот Закон за домување се работи подолг период station наназад. Формирана е и работна група со вклученост а сите инволвирани страни. Претседателот на Регулаторната комисија за домување Зоран Маџовски најавува дека се очекува до мај годинава Законот да влезе во владина процедура, а потоа да биде усвоен од страна на Собранието. Предложените измени и дополнувања на Законот за домување, би требало да поттикнат допрецизирање и доуредување на одрдени системски решенија, за што се



предлагаат нови одредби со кои би се регулирале прашања кои со постојниот Закон не се целосно регулирани.

Дејноста домување преку новиот закон има активна улога повеќе од 10 години . Во целото времетраење забележани се и голем број позитивни резултати, преку подигнување на нивото на свеста на населението за колективно домување, како и зголемување на квалитетот на заедничкото живеење. Од 2011 година до декември 2022 година бројот на станбени згради кои се управувани од лиценцираните управители изнесува 4 829 или вкупно 114 014 станови и деловни простории, додека пак управувани од заедници на сопственици има вкупно 2 655 станови.

Клучно е дека главна карика во спроведувањето на Законот за домување имаат општините. Градоначалниците имаат обврска да назначат општински инспектори за домување, но поголем број на општините се уште немат назначено, а во Скопје има само шест инспектори и тоа во Центар, Карпош, Аеродром, Гази Баба, Кисела Вода и Чаир. Со назначување инспектори за домување во сите урбани општини, а посебно во општините во Градот Скопје значително ќе се подобри квалитетот на домувањето во колективните станбени згради.

Од 2011 година до денес Регулаторната комисија за домување издала вкупно 123 лиценци на фирми за управување со заедничките делови на зградите. Во меѓувреме на голем број лиценцирани фирми им престанала важноста на лиценцата поради повеќе фактори меѓу кои и одземање лиценца поради непочитување на законот за домување.



# ДА НЕМА СОМНЕЖ – НОВИОТ ЗАКОН ЗА ИГРИ НА СРЕЌА НЕМА ДА ЈА УНАПРЕДИ ДЕЈНОСТА




Групацијата за игри на среќа при Стопанската комора на Северна Македонија уште еднаш јавно го изразува ставот на приредувачите на игри на среќа во пресрет на носење на нов закон за игри на среќа кој се наоѓа во собраниска процедура (изгласан на седница на Влада на 21.2.2023 година). За членките на Групацијата постапката која се спроведува за носење на законот во Парламентот е спорна по неколку основи:

Прво, на новиот Закон за игри на среќа се става европско знаме иако во Европската Унија не постои посебна Директива која ги уредува игрите на среќа, туку е оставено секоја земја поединечно да го регулира законското работење. Европското знаме на овој нов предлог закон се става само со повикување на Препораката од ЕУ - CELEX32014H0478 која се однесува на заштита на потрошувачите и играчите на интернет игри на среќа и спречување на малолетниците за учество во интернет игрите на среќа. Оваа препорака не е обврзувачка ниту за членките на ЕУ а уште помалку за пристапните земји членки. Преку ставање на ЕУ знаме на Законот, истиот наместо во матичната комисија за финансирање и буџет, ќе биде ставен на разгледување во Комисијата за европски прашања во Собранието на РСМ, а со тоа се оневозможува да се отвори јавна расправа по предлог законот.

Второ, иако образложението е дека новиот предлог Закон се носи со цел да се унапреди дејноста, всушност, компаниите членки на Групацијата на игри на среќа при Комората укажуваат дека измените ќе значат тотално гаснење на индустријата на игри на среќа и ќе поттикна сива економија во дејноста, која сега со постојната законска регулатива е на исклучително високо ниво регулирана и усогласена со европските закони.

Трето, предлог законот не се носи во транспарентна процедура, и на овој начин се заобиколува правната сигурност во дејност во која за своето работење сите компании имаат важечки лиценци за работа со кои се обврзуваат и гарантираат почитување на пропишаните законски прописи, регулативи, норми и сл.

Во предлог законот и овој пат е изоставен делот со кој се овозможува приредувачите да организираат онлајн игри на среќа како во сите европски земји. Од компаниите членки на Групацијата за игри на среќа при Стопанската комора, директно и индиректно редовни примања добиваат околу 54.000 луѓе. Укажувањата се дека ако се изгласа законот како што е предложен, ќе се стави клуч на врата на легалните приредувачи на игри на среќа, но играњето нема да запре и играчите ќе бараат алтернатива и ќе се префрлат на нелегални локации, каде државата ќе нема контрола ниту врз средствата, ниту врз безбедноста на играчите. За таа цел се бара од Предлог законот да биде тргнато европското знаме и истиот целосно да биде повлечен за да се остави простор за широка дискусија во која бизнис секторот ќе може да ги аргументира своите ставови, со цел носење ефикасен и европски закон.

Приредувачите на игри на среќа како општествено одговорни компании продолжуваат и со активни едукативни кампањи и силна финансиска поддршка, поради што постои верување дека укажувањата на бизнисот ќе бидат земени во предвид и во Собранието нема да се изгласа закон чии штетни последици ќе бидат повеќекратни.

# КОНСТИТУИРАН НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ИЗВОЗ СО КОЈ ЌЕ РАКОВОДИ СТОПАНСКАТА КОМОРА



Во Стопанската комора на Северна Македонија се одржа конститутивна седница на Националниот совет за извоз, кој ќе биде главен механизам за јавно-приватен дијалог каде ќе се третираат сите прашања поврзани со промоција и поддршка на извозот.

Советот ќе биде раководен од страна на Комората, во рамки на проектот за поддршка на приватниот сектор за регионална економска интеграција што Стопанската комора го имплементира во партнерство со Агенцијата за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави – УСАИД.

Претседател на Советот е Бранко Азески, претседател на Стопанската комора, а во истиот членуваат и претставници на Владата на Република Северна Македонија, владини институции и тела, органи на државната управа кои имаат надлежности и вршат активности поврзани со извозот и претставници од различни извозно ориентирани сектори / компаниите.

„Ние како земја сме мал пазар со ограничена куповна моќ и единствен начин да се развиваме во иднина како економија е да градиме извозни капацитети и компании кои ќе бидат подготвени да се натпреваруваат и победуваат на регионалните и глобалните пазари. Јас ќе ви дадам неколку илустрации за исклучително неповолната структура на нашиот извоз што ја имаме.

Прво, во моментот нашите компании извезуваат само 370 производи со вредност поголема од 1 милион долари, а првите 25 извозни производи учествуваат со 66% во вкупниот извоз на земјата.



Второ, 95% од македонскиот извоз се пласира на само 25 пазари.

Трето, од вкупно 3.500 извозни компании во моментот само 450 извезуваат со вредност поголема од 1 милион долари. Овие се поразителни бројки кои ние како земја час поскоро треба и мора да ги промениме. За таа цел, комората и јас лично веќе подолг период јавно укажуваме, а сега и со конкретни мерки и чекори почнавме активно да работиме на тој план“, истакна Азески.

На конститутивната седница се отвори дискусија по однос на Нацрт Стратегијата за промоција на извозот на РСМ 2023-2027 година.

Преку проектот Стопанската комора и во наредниот период ќе работи на поголема промоција на компаниите преку организирани настапи на меѓународни саеми, Б2Б средби, организирање на купувачки мисии и други форми на промоција.

Во меѓувреме, Комората посветено работи на целосно зајакнување на сопствените капацитети преку Клубот на извозници и Советот за унапредување на индустриското производство и извоз кои се специјализирани тела насочени кон обезбедување



# ВАЖНИ АСПЕКТИ ЗА КВАЛИТЕТОТ НА ПРАКТИЧНАТА ОБУКА




Компанијата „Еуроникел индустри“ од Кавадарци како претставник на Стопанската комора учествуваше на регионалната конференција „Важни аспекти за квалитетот на практичната обука“, која се одржа на 3 март 2023 година во Белград, во рамките на проектот „Подобрување на квалитетот на образованието и обуката во Југоисточна Европа“, финансиран од Австриската агенција за развој.

Организатор на конференцијата беше Секретаријатот за образовни реформи во Југоисточна Европа (ЕРИ СЕЕ), водечки партнер на проектот чија цел е да придонесе за намалување на невработеноста кај младите во Југоисточна Европа преку обезбедување пазарно ориентирано стручно образование и обука и квалитетна реализација на практичната обука. Покрај ЕРИСЕЕ, во спроведувањето на проектот како стратешки партнери се вклучени и: Австриската агенција за образование и за интернационализација (ОеАД), Европската фондација за обука (ЕТФ), Коморскиот инвестициски форум на шесте земји од Западен Балкан (КИФ ЗБ6), Меѓународната конференција на инспекторати (СИЦИ), стопанските комори, министерствата за образование, центрите за стручно образование и обука и агенциите за квалификации.

Регионалната конференција се фокусираше на неколку цели:

идентификување на квалитетните аспекти на практичното учење што се реализира во стручните училишта и во компаниите, заради заедничко разбирање на предизвиците и на добрите практики во реализацијата на практичното учење;

идентификување заеднички (регионални) области/аспекти за квалитетот во реализацијата на практичната обука;

идентификување на главните актери и на нивната улога во реализацијата на практичната обука од аспект на осигурување на квалитетот;

идентификување на постојните модели на следење на квалитетот на практичното учење во училиштата и во компаниите;

идентификување идни активности во рамките на проектот врз основа на пренесените искуства од компаниите и од стручните училишта.

На регионалната конференција учествуваа претставници од стопанските комори, компании, стручни училишта, од центрите за стручно образование и обука, министерствата за образование и од телата за осигурување квалитет.

На конференцијата свое обраќање имаше и претставникот на „Еуроникел индустри“ од Кавадарци, Борка Петровска, менаџер за администрација, која го пренесе искуството во врска со вклученоста на компанијата во стручното образование и обука, со реализацијата на практичната обука и со улогата на Стопанската комора во процесот на стручно образование и обука.

Како компанија која се занимава со преработка на никелова руда од која се произведува висококвалитетен никел во форма на фероникел, има цел да регрутира и да ги задржи талентираните професионалци преку процесот на континуирано образование и унапредување и преку инвестирање во обука и во вештини на учениците и на возрасните.

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси


**Контакт лица:**

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk




Семинар
14.03.2023

# Семинар на тема: ПОВРЕДА НА РАБОТА, ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА И НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА ВО СЛУЧАЈ НА ПОВРЕДА НА РАБОТА

Формите за заштита на работникот на работното место се пропишани во Законот за безбедност и здрваје при работа. Од содржината на одредбите на овој закон може да се извлече заклучок дека на полето на заштитата на вработените, пропишани се современи правни решенија. Проблемот на заштита при работа е огромен, бидејќи несреќите на работа се многу чести, а некои од нив имаат и фатален исход, односно завршуваат со смртен исход.

Работодавачот е должен веднаш по приемот на работникот на работа да му ги осигура потребните услови за заштита на работата, а со кои се осигуруваат заштитатана животот и здравјето на работникот. Всушност треба да му овозможи запознавање со прописите од заштита при работа, а воедно е должен да го оспособи работникот за работа на начин кој што осигурува целосна заштита на неговото здравје, се со цел да се спречи несреќа на работа. Остварувањето на правата на вработените и нивната положба се уредуваат со закон и со колективни договори. Всушност, тоа е обезбедување на активна улога на вработените и менаџерите во процесот на идентификување на проблемите и дизајнирање на решенија.

За таа цел Стопанска Комора на Северна Македонија во соработка со Македонско здружение за заштита при работа, на 14 март 2023 година организира еднодневен семинар на тема: ПОВРЕДА НА РАБОТА, ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА И НАДОМЕСТОК НА ПЛАТА ВО СЛУЧАЈ НА ПОВРЕДА НА РАБОТА.

Семинарот ќе опфати елементи на теорија, практичен дел и студија на случаи.

Од страна на стручно лице за безбедност при работа ќе се побара одговор на следните прашања:

- Дефиниција на повреди на работа и професионални болести според законската регулатива и постапка за пријавување на повредите и несреќите при работа, известување за несреќа и повреда при работа, упатство за пријавување на несреќа и обрасци за известување до Државен инспекторат за труд.
- Услови за враќање на работа после повреда при работа, боледувања, извештаи од комисии, мислења и сл.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар
14.03.2023

# ОПТИМИЗАЦИЈА НА ЦАРИНСКИТЕ ДАВАЧКИ – УПОТРЕБА НА ПОСЕБНИ РЕЖИМИ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА НЕПОТРЕБНИТЕ ТРОШОЦИ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 14.03.2023 година, организира еднодневна онлајн-работилница на тема: „Оптимизација на царинските давачки – Употреба на посебни режими за намалување на непотребните трошоци (договори за слободна трговија, тарифни суспензии/квоти, увозен ДДВ, облагородување, извоз за облагородување, складирање, транзит, крајна употреба)“.

Во текот на работилницата ќе биде објаснет начинот како економските оператори може да ги оптимизираат царинските давачки преку употреба на разни царински и надворешно-трговски инструменти, како што се договорите за слободна трговија, тарифни суспензии/квоти, увозен ДДВ, облагородување, извоз за облагородување, складирање, транзит, крајна употреба).

Учесниците ќе добијат практични совети во врска со употребата на онлајн алатки што се поврзани со начините за оптимизација на царинските давачки.

Предавач: д-р Златко Ветеровски, помошник директор Сектор за меѓународна соработка и европски интеграции во Царинската управа на Република Северна Македонија,

За сите учесници на семинарот ќе биде обезбедено:

- Напатствија за приклучување на онлајн работилницата;
- Работни материјали во електронска верзија;
- е-сертификат за присуство на оналјн работилницата.

Сите заинтересирани за учество на оваа онлајн работилница можат да се пријават најдоцна до 10.3.2023 година.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Семинар 15.03.2023**

# ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ЗАКОНСКАТА РЕГУЛАТИВА И СООДВЕТНИ ПРАВИЛНИЦИ ОД ОБЛАСТА НА ЛЕКОВИТЕ, ВАЖНОСТА НА ПОСТАПКАТА ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ЛЕКОВИ

Стопанската комора на Северна Македонија, на 15 март 2023 година, организира еднодневна онлајн работилница на тема: „Запознавање со законската регулатива и соодветни правилници од областа на лековите, важноста на постапката за регистрација на лекови и обезбедување на информации поврзани со лековите за примена во фармацевтската пракса, следење и пријавување на несакани реакции и превземање мерки за обезбедување на квалитетна и безбедна употреба на лекови “.

Запознавањето со законската регулатива и соодветните правилници како неопходен сегмент во работењето на здравствените работници е од особена важност за квалитетно и ефективно спроведување на сите постапки поврзани со лековите. Спроведувањето на регулативата при сите процеси на одобрување на лековите од нивната регистрација па се до употребата од крајниот корисник е од клучно значење за заштита на јавното здравје, како и потврдувањето на безбедноста и ефикасноста на лековите, во која здравствените работници и корисниците на лековите ( пациентите) ќе се чувствуваат сигурни за начинот, времетраењето, условите и ефикасноста при користењето на лековите, со што здравствените работници ќе можат максимално да се фокусираат на извршување на своите работни задачи и подобрување на целокупниот здравствен процес. Од таа причина, сосема оправдано, работодавачите треба да посветат посебно внимание на добро разбирање на нивните обврски во поглед на обезбедување на квалитетен кадар со соодветно познавање на регулативата, не само за да постигнат усогласеност со законот, туку многу поважно, за да осигураат дека преземени се сите чекори за обезбедување на квалитена, навремена и соодветна информавција за лековите во промет.

Токму во таа насока, цел на оваа работилница е да ги информира работодавачите и здравствените работници за нивните обврски во поглед на обезбедување на соодветна едукација за запознавање со регулативата од областа на лековите, следење и пријавување на несекани реакции, и превземање мерки за обезбедување на квалитетна и безбедна употреба на лекови, при што, ќе се разгледаат најчестите и најважните активности кои тие треба да ги преземат.

Контакт лица:

м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Форум 16.03.2023 - 17.03.2023**

# МЕЃУНАРОДЕН ФОРУМ ЗА „ГРАДЕЖНИШТВО, ГРАДЕЖНИ МАТЕРИЈАЛИ И ОДРЖЛИВОСТ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО И ДИЗАЈНОТ“ - 16-17.3.2023 во Шчечин, Полска

Со цел размена на знаење и искуства за најновите трендови во градежништвото и градежните материјали, соработка со странски партнери и проширување на нови пазари, Стопанската комора на РС Македонија, во соработка со Асоцијацијата за економски развој на Западна Померанија од Полска, во рамки на проектот Enterprise Europe Network, Ве покануваат да учествувате на Меѓународниот форумшто ќе се одржи на 16-17.3.2023 година, во Шчечин, Полска.

На деловните средби, на коишто ќе присуствуваат компании од целиот свет, учесниците ќе имаат можност да остварат директни деловни контакти со потенцијални партнери, добавувачи, подизведувачи и клиенти на четири главни теми, во делот на:

ГРАДЕЖНИШТВО - материјали, алати, машини, дизајн и услуги.
ЕНЕРГИЈА - конвенционална, зелена.
ДОМ - завршни материјали, внатрешна декорација вклучувајќи еколошки производ.
ОДРЖЛИВОСТ во градежништвото и дизајнот.

Поради својот хибриден формат, овој настан за вмрежување ќе биде насочен кон широк спектар на компании од Европа и пошироко, и доколку сакате да ја претставите вашата понуда, да пронајдете соодветен деловен партнер и како резултат на тоа да направите бизнис, бидете подготвени за голем број однапред договорени видео повици и состаноци со претприемачи. Рокот за онлајн пријавување и регистрација е до 13.3.2023 година, каде задолжително треба да се регистрирате на следниот линк: https://budgryf2023.b2match.io/signup со што ќе можете да ги погледнете сите компании коишто се пријавени, програмата и сите останати релевантни информации во врска со настанот.

Контакт лица:
Ирена Мојсовска
++ 389 2 3244009
irena@mchamber.mk

**Семинар 16.03.2023**

## ЗАКОНСКИ РОК 31.03.2023 ГОДИНА ЗА НИШТЕЊЕ ДОКУМЕНТИ/ЗАПИСИ СО ИЗМИНАТИ РОКОВИ НА ЧУВАЊЕ, СОСТАВУВАЊЕ КОМИСИЈА ЗА НИШТЕЊЕ, СЕЛЕКЦИЈА, СКЛАДИРАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА ДОКУМЕНТИ, ПОВРЗУВАЊЕ И ПРЕНОС НА БРОЕВИ ОД ДЕЛОВОДНИК ВО ТЕКОВНА И МИНАТИ ГОДИНИ

Целта на онлајн-семинарот е да се разработат темите кои се однесуваат на подготовка на документи за ништење поради одминати години, како и составување на комисија за рагледување и одбирање на документите/записи кои поради изминати рокови за чување потребно е да се одвојат и поништат.

Целна група за семинарот:

-директори, раководители на сектори за нормативно-правни работи во компаниите, вработени во компаниите задолжени за архивско и канцелариско работење, како и за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на канцеларискотo и архивското работење, да се информираат околу Законот архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Предавач:

-м-р Валентина Тодоровска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, управител на „Акаунтинг Солушнс“ со 25-годишно искуство во областа на архивското работење.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



**Семинар 17.03.2023**

## СО ЕФЕКТИВНА КОМУНИКАЦИЈА ДО ПРОГРЕСИВНА ПРОДАЖБА

Целта на „онлајн“ семинарот е да се запознаат посетителите за важноста на комуникацијата како првостепена алатка за зголемување на продажбата, решавање на приговори и градење на лојалност со клиентите. Запознавање со напредни тактики кои се однесуваат на разрешување конфликти во компаниите и тимовите. Потенцирање на бенефитите доколку се унапредува техниката на комуникација како важен елемент за прогресивно движење во секој поглед на компаниите. Предвидени се практични примери и вежби за решавање на приговори и справување со конфликти. Ќе се потенцира практичната примена на комуникациски вештини во продажба и нивни применливи стратегии. По семинарот слушателите ќе стекнат поголема самодоверба во продажба, емпатија, зголемен ентузијазам за работа и успешно мапирање на вистинските потенцијални клиенти.

Целна група за семинарот:

-за сите сопственици и менаџери на компании кои се занимаваат со продажба и имаат желба да инкорпорираат нови техники и алатки за поголема продажба, директори за продажба и маркетинг, млади претприемачи кои сакаат да започнат свој бизнис, за сите ентузијасти кои се подготвени да ги унапредат техниките на директна продажба и електронска трговија, за сите што сакаат да ги подобрат вештините за комуникација, како и за сите вклучени во решавање на конфликтни ситуации во компаниите.

Предавач:

-м-р Сањица Србиновска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, управител на „Легаси ДООЕЛ“ со над 10-годишно искуство во делот на продажба и мотивација, со голем број на признанија и награди.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

Семинар 20.03.2023

# Еднодневен „он-лајн“ семинар на тема:НОВИТЕ ПРАВИЛА НА МАРКЕТИНГОТ НА СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ: КАКО ДА ПРОДАВАТЕ НА ГЕНЕРАЦИЈАТА ЗЕД

Стопанската комора на Северна Македонија на 20 март (понеделник) 2023 година организира еднодневен „он-лајн“ семинар на тема: НОВИТЕ ПРАВИЛА НА МАРКЕТИНГОТ НА СОЦИЈАЛНИ МРЕЖИ: КАКО ДА ПРОДАВАТЕ НА ГЕНЕРАЦИЈАТА ЗЕД. Интерактивниот семинар се фоксуира на запознавање со потребата од нов начин на комуникација прилагоден на потребите на генерациите кои допрва стануваат потрошувачи на брендовите, како и едукација за трендовите и техниките кои се релевантни за оваа целна публика. Претставниците на „Генерација Зед“ се сметаат за напредни корисници на технологија и „digital natives“ уште од најрана возраст, со што и нивните очекувања од комуникацијата на брендовите се на многу повисоко ниво од нивните претходници. Во еднодневниот семинар ќе биде опфатено детално запознавање со оваа публика, нивните навики, интереси и очекувања во комуникацијата со брендови, а потоа ќе бидат разработени предлози за пристап во комуникацијата со нив.

Која е целта на семинарот?

Семинарот има за цел да ги запознае посетителите со навиките и начинот на консумирање на информации од страна на „Генерацијата Зед“, како и да ги подготви како комуникациски од аспект на концепти на кампањи, креатива и копирајт да ѝ пристапат на оваа публика.

На овој семинар ќе бидат дискутирани можностите за пристапување кон оваа целна публика, методи кои будат лојалност кај нив, како и примери на случаи од регионални и светски брендови кои успешно развиваат комуникација и ја конвертираат во потрошувачи оваа целна публика. Посетителите ќе имаат можност за практична работа базирана на споделеното теоретско знаење, како и ќе добијат директен фидбек од предавачот за сработените вежби.

Предавач:

Ива Дујак е доктор на науки од областа на маркетингот, со специјализација дигитален маркетинг.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk



Семинар 21.03.2023

# СПРАВУВАЊЕ СО БЕЗБЕДНОСНИ ПРЕДИЗВИЦИ, РИЗИЦИ И ЗАКАНИ НАСОЧЕНИ КОН ЗАГРОЗУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА КОМПАНИИТЕ

Безбедносните предизвици, ризици и закани, извршени од човечки фактор, манифестирани преку атентати, закани со бомби, саботажи, диверзии, тероризам, вооружен конфликт, поединечни насилнички акти со човечки и материјални загуби, најновите хибридни закани, најави за подметнати бомби и сл., имаат директен импакт врз условите на живеење и работење.

Индустриите, економијата, бизнис сектрот, како носители на динамичниот сегмент на општеството, носители на функцинирањето и развојот на целокупното општество, се директно засенати од условите поврзани со безбедноста во државата.

Компаниите, нивниот опстанок и нивното непречено функционирање, зависат од условите во опкружувањето, а не ретко претставуваат и директен референтен објект на закана.

Справувањето, најчесто со директните закани кон компаниите, само по себе подразбира, односно бара од компаниите, одредено завидно ниво на организираност во постапувањето во вакви состојби со висок безбедносен ризик за компанијата, нејзините вработени, нејзините активности и целокупно функционирање.

Особено е клучно планското, организирано, стручно, професионално постапување на компанијата, со сопствените ресурси, во фазите пред директната реализација на заканата, додека таа сеуште претставува безбедносен предизвик или евентуално ризик за безбедноста на компанијата. Но, исто така, и во фазата по конкретно извршување на заканата, до организираното настапување на соодветните државни органи, а и понатаму , во останатиот тек на справувањето , во соработка со останатите надлежни институции.

Вложувањето во унапредување на капацитетите на компанијата за справување со безбедносни закани, никако не смее да се сфати како дополнителен спореден трошок на команијата, туку единствено како вложување во нејзината основна функција, бидејќи преку успешното, брзо, ефикасно и ефективно справување со заканите, ќе зависи и опстанокот, функционирањето, нејзината успешност и развојот на компанијата.

Контакт лица:
м-р Анита Митревска
++ 389 2 3244057
anita@mchamber.mk

м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

100

*години*

Стопанска комора на Северна Македонија
ул. „Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел: : (02) 3244000, факс: (02) 3244088